РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 10.06.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2675/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
3. **Период опфатен со надзорот:** 28 мај 2024 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 јуни 2024 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*заштита на малолетниците од програми потенцијално штетни за физичкиот, психичкиот или за моралниот развој*);
   - **член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 24.11.2023 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-364 од 24.11.2023 година) на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.*
*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (20.12.2023 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ.*

7. **Констатации од надзорот:**

Контролниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на локално ниво, на 28 мај 2024 година – **не може фактички да се спроведе, затоа што радиодифузерот освен музички спотови не емитуваше никаков друг вид програма со новинарски и со уредувачки ангажман**.

***<u>Белешка</u>**: Повеќемесечното одложување на контролниот надзор пред сè се должи на технички причини: ДТС Кабелкал ДООЕЛ од Кичево, операторот на јавната комуникациска мрежа преку која ТВ Гурра ја емитува програмата, не го доставуваше сигналот на телевизијата до системот за снимање на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), а од средината на февруари до средината на мај 2024 година, мониторингот на АВМУ беше целосно ангажиран на медиумското известување за Претседателските и за Парламентарните избори.*

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка:**

Програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 28 мај 2024 година, беше составен исклучиво од музички спотови, поради што не може да се спроведе фактички контролен надзор за примената на предупредувачката сигнализација за заштита на малолетната публика од потенцијално штетни програмски содржини, што е обврска од член 50 став 3 од ЗААВМУ, соодветно пропишана според член 19 од ПЗМЛ.

Ова е индиција дека ТВ Гурра не го почитува членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*), поради што Агенцијата по службена должност ќе спроведе еднонеделен вонреден надзор за исполнувањето на програмскиот концепт врз основа на кој ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево добило дозвола за телевизиско емитување на локално ниво.

***Сектор за програмски работи***